Во рамките на Програмата за здравствена заштита, како и во програмата за животни вештини, учениците се запознаваат со болестите на зависност и превенција од истите. Дел од овие превентивни програми се реализира и во редовната настава, на часовите по соодветни предмети и содржини.

Заштитата од пожари, поплави и земјотриси е предвидена според следниот план:

Заштита од пожари, земјотреси и други непогоди

Predlog temi za za{tita od po`ari i drugi nepogodi koi ke se opfatat vo planovite i programite na nastabnicite vo planovite kako von nastavni aktivnosti (slobodni aktivnosti) se slednite temi:

1. ***Prvo oddelenie** : po`arnikarite, profesija, kako izgleda eden po`arnikar и opremata na eden eden po`arnikar.*
2. ***Vtoro oddelenie** : Elementarno zapoznavawe so oginot, pridobivkite i opasnostite od oginot.*
3. ***Treto oddelenie** : Opasnostite od oginot (vo upotrebata na uredi za greewe, opasnosti od `elezoto, grealkite i opasnostite od detskite igri.*
4. ***^etvrto oddelenie** : Izvori na opasnot od oginot(doma,vo {koloto i okolinata kade igraat decata ili prestojuvaat)*
5. ***Peto oddelenie** : Opasnostite I pri~inite za oginot i {ireweto na plamenot.*
6. ***[esto oddelenie** : Kako nastanuva procesot na gorewe i oginot.*
7. ***Sedmo oddelenie** : Vidovi na ogini spored goleminata i mestoto na pojavata.*
8. ***Osmo oddelenie** : Ra~ni protiv po`arni aparati (so pena, suva pra{ina, CO2 i drugo)*
9. ***Deveto oddelenie** : Opremata i protiv po`arni alati.*

Planot na formiranata ekipa vo u~ili{teto za za{tita od po`ari i drugi nepogodi

Содржина – активност	Цели	Реализатор	Ресурси	Очекувани ефекти	Време
Тестирање на сигналите за опасност	Утврдување на вистински сигнал	Тим за Планирање	План	Учениците го препознаваат знакот	Септември
Вежбовна активност против пожар за предметна настава	Оспособување на тимот за брзо делување	Тим за противпожарна заштита	Противпожарни апарати	Тимот е оспособен за акција	Ноември
Евакуација за спроведена активност	Согледување на пропусти	Тим од наставници	План и записник	Пропустите се согледани и отстранети	Ноември
Вежбовна активност против пожар за одделенска настава	Оспособување на тимот за брзо делување	Тим за противпожарна заштита	Противпожарни апарати	Тимот е оспособен за акција	Март
Евакуација за спроведена Активност	Согледување на пропусти	Тим од наставници	План и записник	Пропустите се согледани и отстранети	Март
Тестирање на сигналите за опасност	Проверка за успеш ност на сигналот	Тим за планирање	План	Учениците го препознаваат сигналот	Април
Вежбовна активност за прва медицинска помош	Оспособување на тимот за прва помош	Тим за прва помош	Медицински материјал	Практична и успешна интервенција	Мај
Евалуација на спроведените активности	Согледување на позитивни и негативни страни	Тим од наставници	Записници	Согледани се мерки за понатаму	Мај

Одговорен наставник: Музафер Фета

12.3. Позитивна социо - емоционална клима

Во наставата не е важно само постигнувањето добри оцени, туку и стекнување искуство кое ќе помогне за понатамошно успешно функционирање на ученикот во демократското општество. Затоа, остварувањето на воспитно-образовните цели во училиштето во голема мера зависи од социо - емоционалната клима која постои во училиштето.

Врз креирањето на позитивна клима во нашето училиште влијаат повеќе фактори, кои меѓусебно се поврзани и испреплететни. Еден дел од нив се релативно објективни и потешко може да се променат, како на пример: големината на местото каде се наоѓа училиштето, распространетоста на подрачните училишта, бројот на ученици во одделението, социодемографската структура на учениците и сл. Останатите се субјективни и на нив може да се влијае, а со самото тоа може да се менува и климата во училиштето и одделението. Меѓу сите овие фактори главна улога има наставникот, со својот стил на раководење, своите лични караткетеристики и со својата стручност. Позитивната клима придонесува и за поголемо и поквалитетно ангажирање на наставниците при реализацијата на поставените воспитно-образовни цели, подобро училишно постигнување, позитивни ставови на учениците кон наставниците и кон училиштето, како и кон подобри интерперсонални односи.

Генерално, работејќи на создавање позитивна социо-емоционална клима во нашето училиште, ориентирани сме кон целта истовремено да се води грижа за емоционалните и социјалните потреби на учениците. Развојот на пожелно однесување во училницата зависи од способноста на наставникот да ги задоволи социјалните и емоционалните потреби на учениците. Посебно внимание се посветува на детектирана ранлива група ученици во овој поглед, про што нашите наставници се раководат според следниве начела:

- наставникот е подготвен да ги сослуша учениците;
- наставникот е подготвен да одговори на нивните сугестии;
- наставникот е подготвен да ги прифати и разбере нивните чувства;
- наставникот е подготвен да ги вклучи во наставниот процес и да ги охрабрува при работата.

Овие компоненти кои се дел од интерперсоналните односи кои постојат во училницата овозможуваат да постои слобода во комуникацијата, да учествуваат при донесувањето на одлуки, стимулира ученичко водство, флексибилност и сл. На тој начин успеваме да создадеме пријатна, подржувачка и позитивна емоционална клима во училницата.

Стручната служба во училиштето е задолжена за планирање и раководење на активностите во овој домен, а истите се предвидени во Годишната програма за работа на училишниот психолог.

13. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштита од заразни болести. Реализирајќи ја програмата за здравствена заштита и здравствено воспитување ќе се допринесе во изградување на здрава личност (психички, физички и социјална) способна да се грижи за своето здравје и здравјето на своето семејство, поблиската околина и заедница. За таа цел покрај редовните вакцинации и систематски прегледи организирани од ЈЗО - Здравствен дом, во училиштето ќе се организираат повеќе предавања, стручни излагања и работилници на различни теми, меѓу кои: превенција од ТБЦ, детска парализа, болести на зависност кај младите, СИДА, заразни болести, правилна исхрана и др. Исто така, грижата за здравјето на учениците ќе се одвива преку организирање излети, летување, а изборот ќе зависи од многу фактори и моментни состојби што ќе се нудат.

Во ООУ„Конгриритеси и Манастирит“ навремеено и редовно се извршуваат санитарни и систематски прегледи на вработените.

Од голема важност е, секако, и одржувањето на личната хигиена и хигиената во училиштето. Сите субјекти се обврзани да го почитуваат Куќниот ред, како и соодветниот Кодекс за однесување во училиштето каде што, меѓу другото, се пропишани и правила за одржување на хигиената. Училиштето особено ќе се заложи за правилна исхрана на учениците и согласно Законските одредби ќе понуди организирана исхрана (ужинка). Во зависност од потребите на Училиштето или укажувањата по дадена моментална ситуација (епидемии, пандемии и сл.) ќе бидат организирани трибини и предавања на одредени тема од страна на стручни лица.

13.1. Хигиена во училиштето

Училиштето во текот на летниот распуст ги превзеде потребните хигиенско – технички мерки за да биде подготвено за работа во новата учебна година, и тоа:

- генерално чистење и уредување на сите училници;
- косење на тревниците и кроење на дрвја во училишните двор;
- чистење и средување на ходниците
- чистење на системите за парно грење во училишто
- чистење и дезинфекција на санитерните јазли
- чистење и дезинфекција на ентериерот во училниците;

Во текот на учебната година активностите за одржување на хигиената во училиштето континуирано се изведуваат од страна на задолжениот персонал хигиеничари.

Оперативна програма за грижа на училиштето за здравјето на учениците					
Планирани програмски активности	Време на реализација	опфатени ученици	одговорен субјект	Форма	Очекувани цели и ефекти
Осигурување на учениците	Септември	1-9 одделение	Училиште	Групна	Надомест при евентуални повреди
Недела на борба против туберкулозата	Септември	1-9 одделение	Наставник	Фронтална	Мерки за заштита и превенција
6 Октомври: Светски ден за грижа за старите лица	Октомври	1-9 одделение	Наставник	Фронтална	Зголемување на грижата за сатрите лица во семејството и надвор од него
Предавање на тема - жолтицата заразна болест и заштита	Октомври	1-9 одделение	Наставник	Фронтална	Како да се заштитиме од жолтицата,мерки и заштита
16 Октомври: Светски ден на храната:Умерена и разновидна исхрана-важна за здравјето на учениците	Октомври	1-9 одделение	Наставник	Фронтална	Колку е важна разновидната исхрана и како да ја подобриме
Пушењето,алкохолот и дрогата се штетни по здравјето	Ноември	1-9 одделение	Наставник	Фронтална	Заштита и превенција,оттргнување на учениците од овие пороци
Предавање на тема Грип и превенција од грипот	Декември	1-9 одделение	Стручно лице	Фронтална	Мерки за заштита и превенција од грип
1 Декември-Светски ден на борба против сидата	Декември	1-9 одделение	Наставник	Фронтална	Едукација за болеста,како да се заштитиме од оваа болест
Витамините-дополнителни и заштитни материи по човековото здравје	Декември	1-9 одделение	Наставник	Фронтална	Подобрување на здравјето на учениците преку внесување на витамините во исхраната
Безбедност и прва помош	Февруари	1-9 одделение	Наставник	Фронтална	Поголема безбедносрт за учениците во секакви ситуации и помош на лицата на кои им е потребна

Оперативна програма за грижа на училиштето за здравјето на учениците					
Планирани програмски активности	Време на реализација	опфатени ученици	одговорен субјект	Форма	Очекувани цели и ефекти
Предавање за превенција од беснило кај луѓето	Февруари	1-9 одделение	Наставник	Фронтална	Сознанија како да се заштитиме од оваа болест
Недела на борба против срцевите заболувања 21 - 28.02	Февруари	1-9 одделение	Наставник	Фронтална	Превенција и заштита
Недела на борба против ракот 01- 08.03	Март	1-9 одделение	Наставник	Фронтална	Сознанија како да се заштитиме од оваа болест
Чиста и здрава околина работна акција	Март	1-9 одделение	Училиште	Групна	Подигање на еколошката свест кај учениците
Ден на екологијата	Март	1-9 одделение	Училиште	Групна	Одржување хигиена во училишниот двор, одржување здрава и чиста околина
Одбележување на 24 март - денот на борба против туберкулозата	Март	1-9 одделение	Училиште	Фронтална	Како да се заштитиме и одбраниме од оваа болест
Учество на кошаркарски и фудбалски натпревари	Според распоред	7-9 одделение	Наставник	Групна	Правилен развој на телото, превенција од деформитети
Одболежување на 7 април-Светскиот ден на здравјето	Април	1-9 одделение	Наставник	Фронтална	Подигање на свеста како да го чуваме и негуваме сопственото здравје
Учество на еколошкиот хепенинг по повод 22.04-Денот на планетата Земја	Април	1-9 одделение	Училиште	Групна	Како да ја сочуваме и да се грижиме за чистата животна средина
Еднодневна екскурзија од наставно научен карактер	Мај	1-9 одделение	Училиште	Групна	Физички активности

План за имунизација и систематски прегледи					
Планирани програмски активности	Време на реализација	опфатени ученици	одговорен наставник	Реализатор	Очекувани цели и ефекти
Систематски преглед и ревакцинација MRP	Според распоред на институција	1 одделение	одд. наставник	Здравствен дом, одделение за имунизација и систематски прегледи	Мерки за заштита и превенција,навремено откривање на евентуални болести и аномалии
Систематски преглед и ревакцина DT и Polio	Според распоред на институција	2 одделение	одд. наставник	Здравствен дом, одделение за имунизација и систематски прегледи	Мерки за заштита и превенција,навремено откривање на евентуални болести и аномалии
Систематски преглед	Според распоред на институција	3 одделение	одд. наставник	Здравствен дом, одделение за имунизација и систематски прегледи	Мерки за заштита и превенција,навремено откривање на евентуални болести и аномалии
Систематски преглед	Според распоред на институција	5 одделение	одд. наставник	Здравствен дом, одделение за имунизација и систематски прегледи	Мерки за заштита и превенција,навремено откривање на евентуални болести и аномалии
Систематски преглед и прва доза HPV вакцина за девојчиња	Според распоред на институција	7 одделение	одд. раководител	Здравствен дом, одделение за имунизација и систематски прегледи	Мерки за заштита и превенција,навремено откривање на евентуални болести и аномалии
Систематски преглед и ревакцина Tetanus и Poloiomialitis	Според распоред на институција	8 одделение	одд. раководител	Здравствен дом, одделение за имунизација и систематски прегледи	Мерки за заштита и превенција,навремено откривање на евентуални болести и аномалии
Вакцина Рубеола	Според распоред	8 одделение девојчиња	одд. раководител	Здравствен дом, одделение за имунизација и систематски прегледи	Заштита и превенција
Проверка на БСЖ вакцината	Според распоред на институција	1-9 одделение	одд. раководител	Здравствен дом, одделение за имунизација и систематски прегледи	Успешност на претходно извршенената вакцина

План на активности за превентивна стоматологија и едукација за орално здравје					
Планирани програмски активности	Време на реализација	опфатени ученици	одговорен наставник	Реализатор	Очекувани цели и ефекти
Деца родени 2013 год. залевање на пре-останатите трајни заби како и проверка	Септември / Октомври	6 одделение	одд. раководител	Здравствен дом, одделение за превентивна стоматологија	Мерки за заштита и превенција
Деца родени 2014 год. продолжува залевањето на ново изникнати трајни заби како и проверка	Октомври	5 одделение	одд. наставник	Здравствен дом, одделение за превентивна стоматологија	Мерки за заштита и превенција
Прва работилница „Градба и функција на орална празнина”	Октомври	6 – 9 одделение	одд. наставник	Училиште	Едукација за орално здравје
Втора работилница „Правилна исхрана и контрола во внес на шеќери„	Ноември	6 – 9 одделение	одд. наставник	Училиште	Едукација за орално здравје
Деца родени 2015 год. продолжува залевањето на ново изникнати трајни заби како и проверка	Ноември / Декември	4 одделение	одд. наставник	Здравствен дом, одделение за превентивна стоматологија	Мерки за заштита и превенција
Трета работилница „Правилна орална работилница „	Февруари	6 – 9 одделение	одд. раководител	Училиште	Едукација за орално здравје
Деца родени 2016 год. продолжува залевањето на ново изникнати трајни заби како и проверка	Февруари / Март	3 одделение	одд. наставник	Здравствен дом, одделение за превентивна стоматологија	Мерки за заштита и превенција
Четврта работилница „Редовна посета на стоматолог и употреба на флуориди во превентивни цели„	Март	6 – 9 одделение	одд. раководител	Училиште	Едукација за орално здравје
Деца родени 2017 год. продолжува залевањето на ново изникнати трајни заби како и проверка	Март / Април	2 одделение	одд. наставник	Здравствен дом, одделение за превентивна стоматологија	Мерки за заштита и превенција
Деца родени 2017 залевање и резалевање на прв траен молар	Април / Мај	1 одделение	одд. наставник	Здравствен дом, одделение за превентивна стоматологија	Мерки за заштита и превенција
Систематски преглед, залевање на први трајни молари издавање на медицински белешки за упис во прво одделение кај деца родени 2017 год.	Мај	Упис	одд. наставник	Здравствен дом, одделение за превентивна стоматологија	Мерки за заштита и превенција

14. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

ООУ„Конгреси и Манастиритирит“ Скопје, е препознатливо по квалитетот на работа и постигањата на учениците од различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се залага за зголемување на грижата за здравјето и безбедноста на учениците, меѓусебното почитување и рамноправност на половите и развој на мултикултурните компетенции. Во училиштето нема ученици и вработени кои се припадници на други етникуми, но помеѓу учениците и наставниците се развива мултикултурен дух, а голем број нагледни средства во училиштето го отсликуваат мултиетничкиот карактер на Република Македонија.

Дисциплината и редот на учениците во училницата се неопходни доколку сакаме сето она што се испланирало да се реализира. За таа цел училиштето има изготвено Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за однесување на родителите и Кодекс за однесување на наставниците во училиштето. Исто така, без исклучоци се почитува Куќниот ред на училиштето. Сите субјекти во училиштето работат и се залагаат за добри меѓучовечки односи, ненасилна комуникација и меѓусебно почитување.

Соработката со родителите се одвива на завидно ниво и тоа е евидентно при секоја евалвација на истите, а и во секојдневната практика. Воспоставена е комуникација врз основа на взаемно почитување и тежнеење кон иста цел - поддршка на најмладите, учениците. Училиштето постојано има поддршка од страна на родителите при реализација на планираните проекти и други активности кои носат некаков бенефит за училиштето и неговите ученици. Се организираат индивидуални и групни средби со родители кои се конструктивни по својата содржина и се со цел за подобрување на постигањата на ученикот и одржување на унапредување на одноците ученик - наставник - родител. Средбите со родители се реализираат според план, но и по потреба. Глобалниот план за средби со родители во учебната 2023/24 година е даден во следната табела:

Планирана програмска активност	Цел на активноста	Реализатор	Време на реализација	Очекувани исходи и ефекти
Општа родителска средба од I -V одд.	Зпознавање на родителите со покажаниот успех и поведение на учениците и други актуелни пршања	Одд. раководители	09 и 11 месец 2023; 01, 04 и 06 месец 2024год.	Преземање на мерки за подобрување на успехот и поведението Реализација на предвидените активности во договор со родителите
Општа родителска средба од 6-9 одд.	Зпознавање на родителите со покажаниот успех и поведение на учениците и други актуелни пршања	Одд.раководи-тели од 6-9одд.	09 и 11 месец 2023; 01, 04 и 06 месец 2024год.	Преземање на мерки за подобрување на успехот и поведението Реализација на предвидените активности во договор со родителите
Родителска средба на ниво на активи од IV -IX одд.	Зпознавање на родителите со изборните предмети	Одд. раководители од IV-IX	По барање од МОН во 06 месец 2024 год.	Избор на саканиот предметот кои се во интерес да го изучуваат учениците во наредната учебна година и формирање на паралелки
Индивидуални средби на наставниците од 1-9 –одд .	Континуирана соработка помеѓу родителите и одд.раководители од 1-9 одд.	Одд.роководител и од 1 - 9 одд.	Според распоред на приемни денови	Преземање на мерки за подобрување на успехот и поведението
Родителска средба на ниво на паралелка од 1 - 9	Известување на родителите за актуелната проблематика	Одделенски раководители од 1 - 9 одд.	По потреба	Донесување и преземање на мерки за разрешување на актуелната проблематика
Родителски средби на ниво на паралелка од 6 и 9 одд.	Изветување на родителите за иведба на дводневна и тродневна наставно-научно екскурзија	Одделенски раководители одVI и IXI одд	09. месец 2023 год.	Запознавање со програмата за екскурзии и договор на родителите за периодот и местото на изведба на екскурзиите
Родителски средби на ниво на паралелка од IV одд.	Изветување на родителите за иведба на Настава во природа	Одделенски раководители од IV одд.	03. месец 2024год.	Запознавање со програмата за Настава во природа и договор на родителите за периодот и местото на изведба на настававо природа

14.1. Односи во училиштето меѓу сите структури

Во досегашната работа на нашето училиште постои позитивна клима и добри односи меѓу сите вработени во училиштето, без разлика на нивната хиерархија и подреденост. Проблеми и конфликтни ситуации се решаваат со конструктивна дискусија и взаемно почитување. Често се организираат работилници, дебати на кои се прави анализа на нашата заедничка комуникација со цел подигнување на квалитетот на истата. Исто така не изостануваат и заедничките дружења и одбележувања на битни настани или датуми, потоа екскурзии, организирани посети, организирање и учество во спортски игри во кои се вклучуваат мнозинството од сите структури во колективот. Освен тоа, многу често во активностите се вклучени и учениците, родителите и некои членови на локалната самоуправа, што дополнително дава придонес за продлабочување на соработката и промовирање на човечките вредности. Овие активности секогаш се планираат надвор од работното време и не попречуваат во редовното одвивање на воспитно-образовниот процес. Планираните активности за учебната 2023/2024 година се дадени со следнава табела:

Планирани активности за развивање на добри меѓучовеки односи

Месец	Активности	целни релации	Место на реализација
VIII	Составување тим од училишните структури за анализа на критичките точки во комуникацијата Тимот го сочинуваат: Директорот, педагог,психолог и два наставици .	меѓу вработени	училиште
IX	Изготвување план на активности и усвојување на истиот на заеднички состанок на сите вработени	меѓу вработени	Училиште
X	*Екскурзија заедно со учениците и сите вработени -традиционално се организираат ученичко - наставнички спортски дуели во во одбојка, народна топка и фудбал	ученици - вработени	Гази Баба
	Спортски натпревар-пинг понг	вработени	Училиште
XI	Спортски натпревар-одбојка	вработени	Училиште
XII	Прослава по повод Новогодишните празници	вработени	Угостителски објект
III	Прослава по повод Денот на 7 i 8 март	вработени	Угостителски објект
IV	1-ви април - Ден на шегата, маскенбал	вработени - ученици - родители	Училиште, непосредна околина
	*Спортски натпревар одбојка меѓу училишта од Општината „Чаир“ со вклучени претставници од Лок. самоуправа	вработени - локална самоуправа	Училиште
VI	Екскурзија на вработените со самофинансирање и помош од Синдикатот	вработени	по договор

14.3. Мултикултурализам и меѓуетничка интеграција

ООУ„Конгреси и Манастирит“ работи на територијата на општина Чаир - Скопје, . . Сите ученици кои се опфатени во училиштето се албанци, исто. Овој еднообразен етнички состав со текот на годините допринел кај населението да се развие една етничка дистанца која најмногу доаѓа до израз кај младите, посебно кај децата од училишна возраст. Специфичноста на местоположбата на оваа населено место , бара да се обрне извонредно внимание на грдењето на доверба, толеранција и воспитување на ненасилно однесување меѓу припадниците на други етнички групи.

Цел: Со проектните активности кои ги планираме ќе се обидеме да изградиме висок степен на меѓуетничка толеранција, при што на различностите ќе се гледа со почитување и уважување, а човекот ќе се вреднува, не врз основа на неговата етничка припадност, туку врз основа на неговите хумани и морални квалитети.

За постигнување на оваа цел и како подлога и поддршка на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, планирани се неколку активности. Носители на активностите се директорот, стручната служба, наставниците, учениците, родителите, локална заедница и месно население. Дел од активностите продолжуваат да се реализираат во континуитет од минатата година, а дел од нив ќе започнат со реализација во учебната 2023/24 година. Периодот на реализација е во текот на целата учебна година, а активностите се планирани како дел од редовната настава, воннаставните активности, слободните ученички активности, општествено хуманитарни активности и сл. Планот за реализација е даден со следната табела:

Носители на активностите: ***директор, стручна служба, наставници, ученици, родители, локална заедница, месно население***

време на реализација: УЧЕБНА 2023/24 ГОДИНА		
ЗАДАЧИ:	***АКТИВНОСТИ:***	***ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ***
-Развивање мотивација за воспоставување на комуникација со ученици од другите етнички заедници од опкружувањето и пошироко - Градење висок степен на меѓуетничка толеранција -Воочување и надминување на стереотипи и предрасуди - Почитување на туѓите културни навики и културни одбележја	**- Формирање Центар за мултикултура** заради истражување и запознавање со културното наследство и културните разлики меѓу различните етнички зедници, како и промовирање на традицијата и одбележјата, - **Дијалог меѓу културите** - прифаќање на различностите како вредност на едно општество (мултиетнички ден, културен мозаик - соработка со училишта и ученици од други етнички заедници, конкурс за фотографија, виртуелна етно - соба, етнолошко катче, фолклорни мотиви, народни ора и танци и сл. Организирано на ниво на општина или пошироко, со учество на сите субјекти од училиштето, локалната заедница и опкружувањето.) - **Уметноста - мост кој поврзува** (ревидирање на програмата за организација на Ликовен хепенинг во Виниче, потенцирање на улогата на уметноста во поврзувањето на луѓето со различна етничка, културна и религиска определба, поттикнување на младите да се изразуваат со универзалниот јазик на уметноста)	- Запознавање и одржување на познанствата со ученици од други етнички заедници - позитивен став кон различностите како на богатство на едно мултикултурно општество - покажување знаења за културата и традицијата на другите етнички заедници - полуматурантите, се запишуваат во средно училиште со веќе изграден позитивен став. - спречување на негативното делување на етничките предрасуди на возрасните од семејството или од поширокаата заедница - промена на ставот на возрасните.

Нашето училиште веќе 8 години прави интензивни подготовки со спроведување на активности за развој на мултикултурното образование, се со цел подготвено да стартува со Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, кој во нашето училиште ќе почне да се реализира од оваа учебна година. Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието ќе работи на создавање на политичка, социјална и економска клима потребна за Р. С.Македонија да постигне одржлива интеретничка интеграција во училиштата, во останатите образовни институции, па и во целото општество. Во фокусот на проектните активности ќе бидат учениците, родителите, наставниците, администрацијата и членовите на училишните одбори. Најважна е целта: ***Подобрувањето на меѓуетничката комуникација и надминување на етничките, културолошките и јазичните препреки***.

Реализацијата на активностите за меѓуетничка интеграција е предвидена со следната програма:

Програма за Меѓуетничка интеграција во образованието

Цели	Активности	Реализатор	Време на реализација	Ресурси	Очекувани исходи и ефекти
Спроведување самоевалуација на реализацијата на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието и планирање на активностите врз основа на резултатите од самоевалуацијата	Планирање на МИО – активности во Годишна програма и самоевалуација за состојбите	Тим за училишна интеграција: Директор Социален раб Ерол Реџепи Нагихан Даут Мимоза Мјаку Председател на ученичкиотПарламент и Учен. правобранител	август 2023	- Прашалници - Анкети - Годишна програма за работа на училиштето	- Спроведена самоевалуација на реализацијата на активностите меѓуетничка интеграција во образованието и планирање на активностите врз основа на резултатите од самоевалуацијата - Изготвени акциони планови за интегрирање на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието во Годишната програма за работа на училиштето
Стекнување знаења и компетенции за меѓуетничка интеграција во образованието - подготовка за обучувачи на училишно ниво	Обука на Тимот за училишна интеграција	МЦГО и Центар за човекови права и разрешување конфликти	август – септември 2023	Материјали за обука	Обучен тим кој успешно ќе спроведе дисеминација на училишно ниво
Пренесување на знаењата стекнати на обуката за меѓуетничка интеграција во образованието	Дисеминација на активностите на училишно ниво (работилници и состаноци со сите структури на училиштето)	Тимот за училишна интеграција	октомври – ноември 2023	Материјали за обука (прирачници, работни листови)	Обучени училишни капацитети за реализација на меѓуетничка интеграција во образованието

Комуникација, планирање и спроведување заеднички активности со училиште од албански наставен јазик	Формирање партнерство со други училишта	Тимовите за училишна интеграција на двете училишта	октомври – ноември 2023	Договор за партнерство (формулар)	Воспоставени партнерски односи со ОУ „ ТЕФЕЈУЗ ,, СКОПЈЕ

Цели	Активности	Реализатор	Време на реализација	Ресурси	Очекувани исходи и ефекти
Зајакнување на училишните капацитети за реализација на меѓуетничка интеграција во образованието	Реализација на самостојни активности: работилници од Образование за животни вештини; активности за демократска партиципација на учениците;	- тим за училишна интеграција; - наставници - ученици -ученичка заедница -тим за поддршка на УЗ	септември 2023 – јуни 2024	- прирачници за ОЖВ -програма за работа на тимот за училишна интеграција - програма за работа на УЗ	Успешно спроведени планирани активности во училиштето
Координирање на активностите меѓу партнерските училиштата учество на средби за размена на искуства со другите училишта	Реализација на заеднички активности: ➢ Редовна настава – настава по некои предмети, истражувачки проекти во рамки на предметите; ➢ Воннаставни активности – излети, екскурзии, приредби, проекти-секции, спортски игри;	- тимовите за училишна интеграција на двете училишта - наставници -родители -ученици	ноември 2023– јуни 2024	-акциони планови -програми за работа -дневни, тематски планирања - правилници	- Подготвеност за соработка и интеракција - Успешно реализирани активности за меѓуетничка интеграција со партнерско училиште
Иницирање активности за вклучување на родителите и Општината во активностите за меѓуетничка интеграција во образованието и координација на нивната реализација	Соработка со родители и Општината	- тим за училишна интеграција; - наставници - ученици - Совет на родители - Училишен одбор	ноември 2023 – јуни 2024	-акциони планови -програми за работа - правилници	Активно вклучување и поддршка во спроведување и промовирање на самостојните и заедничките активности

Координатор на проектот: Адиле Ајдини

15. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Од СЕУ до визија за професионален развој на ниво на училиште

Резултатите од процесот на самоевалуација на училиштето во периодот јануари/јуни 2023 год. ни претставуваат појдовна основа за реална проценка на потребите за професионален развој на ниво на училиште. При тоа беа утврдени и следниве приоритетни активности кои се однесуваат на оваа проблематика:

- Едукација на наставниците за работа со деца со посебни потреби;
- Едукација за примена на ефективни техники и ресурси за учење;
- Едукација на сите наставници за користење на расположливите технички средства и помагала во училиштето;
- Едукација на наставниците за изработка на интегрирани планирања за постигнување меѓупредметни цели;
- Примена на активни методи и облици на работа со посебен акцент на предметната настава;
- Сертификација на наставниците за тековни професионални усовршувања;
- Планирање на оценувањето (формативно и сумативно) во тематските и дневните планирања за реализација, со акцент на критериумско оценување;
- Ефективно изведување на додатна и дополнителна настава во одделенска и предметна настава;
- Подобрување на квалитетот на работата на активите со акцент на меѓусебно поврзување и постигнување на меѓупредметни цели и соработка меѓу активите во училиштето, но и надвор од него, со активи од други училишта;
- меѓуетничка интеграција во образованието
- интеграција на еколошки теми во редовната настав
- Унапредување на воннаставните активности и соработката на училиштето со опкружувањето

Соодветно со горенаведените приоритети, ја дефинираме визијата, целта и стратегијата за обезбедување на солиден професионален развој на ниво на училиште:

ВИЗИЈА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИОТ КАДАР:

„ Да бидеме училиште во кое сите учат!“

ЦЕЛ: „Сакаме нашето училиште да создаде база од добри идеи за работа со учениците и соработка со родителите, да обезбеди сопствени ресурси за работа и да постигнува максимални резултати, да развива добра комуникација и соработка со околината, други училишта во градот, државата и пошироко“

СТРАТЕГИЈА: „Наставниците, стручната служба и директорот да развиваат и негуваат култура и практика на тимска работа, преку хоризонтално учење, меѓусебно уважување и толеранција. На тој начин ќе се подобри квалитетот на знаења, вештини и способности на учениците и во крајна линија ќе се зголеми степенот на задоволство од работата на наставниците и ќе се развие мотивираност за континуиран професионален развој на училиштето како организација која учи“

Врз основа на ова произлегоа неколку долгорочни цели:

- Развивање на култура на тимска работа и хоризонтално учење
- Унапредување на квалитетот на процесот и исходите од учењето и наставата;
- Унапредување на квалитетот на комуникацијата меѓу сите субјекти во училиштето;
- Развивање на соработката со локалната заедница и со други училишта;
- Промовирање на работата на училиштето.

Соодветно на долгорочните цели, е направен развојниот план за професионален развој на кадарот во ООУ„Конгреси и Манастирит“ Скопјес, за периодот од септември - 2020 година до август - 2024 година, кој за учебната 2022/23 година ги предвидува следниве цели и активности:

План за професионален развој на наставниот кадар

Развојна цел	Конкретни цели (задачи)	период на реализација	Одговорно лице
1. Формирање база на податоци за досегашниот професионален развој на наставниците, стручната служба и директорот	• Согледување на визијата на сите поединци за понатамошниот личен професионален развој;	август, 2023	Педагог
	• Изработка на личен план за професионален развој	август, 2023	педагог
	• Интегрирање на податоците и поднесување извештај за состојбата	септември, 2023	психолог
2. Вклучување на училиштето во проекти и семинари кои промовираат инклузивна настава	• Едукација на наставници од одделенска и предметна настава за работа со деца со посебни потреби	по побезбедена обука	псохолог
3.Подобрување на квалитетот на тематските и дневните планирања на наставниците	• Едукација на наст. кадар за изработка на интегрирани планирања за постигнување меѓупредметни цели	по побезбедена обука	Мимоза Мјаку
	• Ефективни техники и стратегии за реализација на час	февруари, 2023	педагог
	• Унапредување на наставата по математика од I – V одд. со користење на интерактивни методи за развивање креативност кај учениците - „Математика со логика“	ноември, декември, 2023	педагог
	• Интегрирање на теми за меѓуетничка интеграција во редовните наставни содржини	ноември декември, 2023	Ерол Реџепи
	• Интегрирање на еколошки цели во редовните наставни содржини	јуни, 2024	Музафер Фета

Развојна цел	Конкретни цели (задачи)	период на реализација	Одговорно лице
4.Континуирано уредување на наставничките портфолија	• Заемно оценување на индивидуално ниво во текот на подготовката на портфолиото	јуни, 2024	претседатели на активи
	• Формална евалвација на портфолиото	јуни, 2024	Мимоза мјаку Лумније Вренези
5. Подобрување на оценувањето во училиштето	• Критериумско оценување наспроти екстерна проверка на учениците - анализи	септември, 2023	Наставници
	• Сумативно оценување според конкретизирани Критериуми за оценување во училиштето	мај, 2024	претседатели на активи
	• Примена на ефективни техники и стратегии за утврдување и подобрувањена постигањата на учениците	април, 2024	педагог
	• Примена на ученички портфолија и проекти за формативно и сумативно оценување на учениците	септември, 2023	Ризван Бела
	• Снимање на добри училишни практики како модел за учење и усовршување	март, 2024	Лумније Вренези
6. Едукација за користење ефективни ресурси за учење	• Едукација на наставниците и изработка на стратегија за вклучување на родителите и околината во наставниот процес	ноември, 2023	психолог
	• Зголемување на бројот на планирани часови за реализација со користење ИКТ и електронските ресурси	октомври, 2023	Лумније Вренези Мимоза мјаку

Одговорен наставник: Мимоза Мјаку

16. ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Вклучувањето на семејствата и на заедницата во работата на училиштето е еден од главните елементи за постигнување подобри резултати на учениците, како и за поотворени и подемократски училишта. Тргнувајќи од заедничките интереси на училиштето и родителите, училиштето им овозможува на родителите да се организираат. Советот на родители се формира за организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште. Родителите во училиштето се организираат во Совет на родители на ниво на секоја паралелка - одбори на родители и Совет на родители на ниво на целото училиште. Од Совет на родители на паралелките се избира по еден претставник од секоја паралелка и него го бираат родителите на родителскиот состанок на паралелката. претставници кои членуваат во СР на ниво на училиште. Од редовите на СР се бираат претставници за во Училишниот одбор.

Во советот на родители има Првото свикување на советот на родителите го врши директорот на училиштето, а подоцна состаноците ги закажува одбраниот Претседател на советот.

Соодветно Законот, Советот на родители ги има следниве надлежности:

- дава мислење за предлог програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа;
- расправа за извештајот за работата на училиштето;
- предлага програми за подобрување на стандардите за наставата;
- дава согласност на предлозите на директорот за воведување повисоки стандарди;
- разгледува жалби на родителите во врска со воспитно-образовната работа;
- избира претставници во училишниот одбор на основното училиште, и
- врши други работи утврдени со статутот на училиштето.

Задачата на претставникот на родителите од паралелката пак, е и да му помага на раководителот на паралелката во остварувањето на програмските задачи и други активности во врска со психо-физичкиот развиток на учениците.

Активностите на Советот на родители се спроведуваат согласно програмата за работа на ова тело, која е дадена во прилог на Програмата за работа на училиштето.

Што може да направи СР во училиштето?

- Да ги согледа вистинските потреби, состојби и проблеми во училиштето
- Преку доброволно (волонтерско) ангажирање да се вклучат во реализација на различни училишни активности во следните подрачја од работата на училиштето: настава, воннаставни активности, грижа за здравјето на учениците, соработка со локалната заедница и да дадат свој придонес според нивните можности, способности и интереси
- Да им помагаат на наставниците во работата со учениците во училиницата и училиштето
- Да организираат и да даваат поддршка на различни училишни акции, манифестации, училишни презентации, кампањи и сл.
- Активно да учествуваат во решавањето на различни проблеми во училиштето

- Да учествуваат во донесување на важни одлуки во училиштето

На тој начин ќе придонесат за унапредување на работата во училиштето, подобрување на резултатите кај учениците и афирмирање на училиштето во локалната средина.

Советот на родители треба да преземе активности за утврдување на приоритетни задачи и активности кои ќе ги реализира во текот на учебната година. Постапката за утврдување на приоритетни задачи, активности и проблеми подразбира прибирање предлози од одборите на родители на паралелките во кое можат да се вклучат и наставниците или стручната служба од училиштето. Од добиените предлози од одборите на паралелката, се составува предлог листа од која се бираат приоритетни задачи и активности.

Градењето партнерства на Советот на родители започнува во училиштето преку развивање на соработка со наставниците, со стручната училишна служба и со директорот. Заради поуспешно остварување на своите цели, Советот на родители може да воспостави партнерства на ниво на локална заедница, но и пошироко во државата и во странство. Партнерството овозможува побрзо и поефикасно реализирање на планираните активности.

- Советот на родители може успешно да соработува и склучи партнерства со Совети на родители на други училишта од локалната заедница заради реализирање на заеднички активности, проекти или разрешување на одредени проблеми
- Соработка со институции на локалната власт
- Соработка со НВО кои поддржуваат и реализираат активности од областа на образованието, (пример: активности за унапредување на здравјето на учениците и превенција на зависности - трибини и предавања)
- Партнерства со јавни и приватни претпријатија со цел барање поддршка при реализација на одредени активности (пример: да побара садници од Јавното комунално претпријатие како донација за уредување на училишен двор)

Во програмите за работа на наставниците, директорот и психологот, како и при спроведувањето на културни и образовни активности, посебно внимание ќе се посвети на соработката со родителите. Таа соработка најчесто ќе се одвива преку секојдневни средби и разговори, родителски средби, а особено преку програмите за работа на одделенските раководители. На ваквите средби и разговори ќе се третираат прашања директно поврзани со животот и работата на учениците во училиштето (успех, дисциплина), потоа, подобрување на условите за работа во училиштето и ученичкиот стандард, исхраната и слично. Планирани се и едукативни работилници за родители, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакети, брошури, училишни весници, како и советодавно-консултативна работа – индивидуална или групна.

Училиштето по усвојувањето на програмата од страна на Основачот, изготвува брошура со која накратко ги информира родителите за содржината на Годишната програма за работа на училиштето.

Треба да се нагласи соработката со Советот на родители и заложбите на училиштето таа да се продлабочи бидејќи имаме заедничка цел, подигнување на личности кои ќе го понесат теретот на издигањето на нашата држава.

17. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

17.1. Комуникација со локалната заедница

Ова програмско подрачје го планираме со цел да ги ставиме сите ресурси на локалната средина во функција на училиштето, а кои се од интерес за воспитно образовната работа. Преку ова подрачје ги остваруваме следните задачи:

- искористување на материјалните можности на локалната средина за унапредување на дејноста на училиштето;
- збогатувањена воспитно-образовната работа како резулат од искористување на можностите на институциите од областа на културата, спортот и сл;
- орагнизирање на заеднички културно-уметнички, образовни спортски и други манифестации со другите училишта од општината;
- збогатувањена воспитно-образовната работа како резулат на размена на знаења, мислења и искуства со наставниот кадар од другите училишта од општината;

Заради остварување на предвидените цели училиштето на високо ниво ја одржува комуникацијата со локалната самоуправа и месното население. Комуникацијата најчесто е непосредна и усна, но службените контакти поткрепени со документација се остваруваат со пишана и електронска комуникација. Се предвидува да се реализираат состаноци, средби, дебати, трибини, согласно соодветни Програми кои се дел од Годишната програма за работа на училиштето.

Дел од културно образовните активности во училиштето ќе се реализираат во соработка со населението од локалната средина и преку Детската организација на училиштето, која е основен двигател на сите активности, преку организацијата на Црвен Крст, реализацијата на еколошката програма и ќе се превземаат најразлични акции за соработка, а кои се од интерес и на училиштето и на локалната средина.

Посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени случувања во училиштето на кои се промовираат постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности, комуникација со медиуми и др. се предвидени во посебни програми.

План на активности за соработка со локалната средина

Планирана програмска активност	Време на реализација	Реализатор	Ресурси	Очекувани исходи и ефекти
Средба на литературни и ликовни дружини	Се определу-ва според потребите	Членовите на секциите и наставникот	Лични творби по избор и според барањата	Соработка, дружење
Соработка на ученичките заедници	Се определу-ва според потребите	Членови на уч. заедница и одговорни Наставници	Изготвени програми	Подобрување на работата во училиштето
Соработка и средби на детските организации од одделенска настава	Се определу-ва според потребите	Членови на детските организации и наставници	Изготвени програми	Подобрување на работата во училиштата
Соработка на стручен план меѓу училиштата	Ноември-март	Наставници, директор	Стручна литература	Подобрување на работата во училиштата
Учество на разни заеднички спортски манифестации	Се определу-ва според потребите	Членовите на секциитеи наставникот	По избор	Соработка, дружење
Музички средби и хепенинзи	Се определу-ва според потребите	Членовите на секциите и наставникот	По избор	Соработка, дружење
Соработка со средни училишта и нивна промоција	Мај	Ученици, наставници, директор	Материјал по избор на учениците	Подобро информирање на ученицитекое ќе им помогне во одлуката за продолжување на нивното образование
Училиштето и локалната средина	По потреба	Училиштето и локалната средина	Годишни програми на наставницит е	Јакнење на соработката
По потреба манифестации организирани од општината	Континуир ано	Општината	Програми на општината	Негување и издигнување на културното ниво
Прибирање информации за активностите на месните заедници и здруженија	Октомври	Директор и комисии	Документи и програми	Зголемување на интересот за соработка
Учество во прославата на Денот на Општина Гази Баба	Ноември	Наставници и ученици	Подготвени изведби со учениците	Афирмирање на општината
Информирање на градоначалникот за патрониот празник на училиштето	Мај	Директор и претседател на Уч.одбор	Изготвени програми	Подобрување на работата во училиштата

Планирана програмска	Време на	Реализатор	Ресурси	Очекувани исходи и

активност	реализација			ефекти
Перманентна соработка со установи и претпријатија	Континуирано	Директор и претседател на училишен одбор	Програми и проекти	Подобрување на условите во Училиштето
Едукација на учениците за функционирање на општината	Во текот на годината	Ученици и лица од општината	Програми, проекти и портфолија	Продлабочување на знаењата
Учество и посета на манифестации од јавен интерес	Континуирано	Вработени и ученици	Програми	Подобрување на културното ниво
Средба со претседателот на советот на општината	Мај	Директор и претседател на советот	Законски прописи	Унапредување на демократската свест
Презентирање на постигањата на училиштето	Јуни	Директор и стручни соработници	Документи и извештаи	Афирмирање на училиштето

17.2. Соработка со институции од областа на културата и образованието

За поадекватно реализирање на наставниот план и програм, за полесно осознавање на наставните планови и содржини планирани се посети на одредени објекти и манифестации од областа на културата кои ќе ги збогатат знаењата на учениците:

- Театар за деца и млади
- Универзална Сала
- Музеј на град Скопје
- Музеј на жртвите на холокаустот
- Библиотека
- Саем на книгата
- Етнолошки и природо - научен музеј
- Градски кина
- Изложби
- Снежен град Маврово
- Археолошки музеј на PSM
- Јаја Пашина џамија

Соработката со други воспитно - образовни установи ќе значи соработка со основните училишта од општина Чаир, градот и пошироко и ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности како што се натпреварите во знаење во разни подрачја, ликовни хепенинзи и литературни читања и разновидни спортски натпревари.

Предвидена е посета на други институции од интерес за наставата

- ♣ пошта, ЗОО, Чаир, Железничка станица
- ♣ Посета на метеоролошка станица
- ♣ Посета на ПМФ
- ♣ Посета на Планетариум

Наставните посети надвор од училиштето за учениците од прво до деветто одделение ги планираат наставниците во своите наставни програми. Овие посети се планираат и реализираат и со цел да се искористат како ефективни ресурси за учење и стекнување трајни знаења. Меѓу другите цели се и:

- ♣ Да ги прошират сознанијата за непосредната околина
- ♣ да се оспособуваат за набљудување, опишување и споредување
- ♣ да се оспособуваат да користат различни извори на знаења
- ♣ да ги прошират знаењата за културното богатство на својата татковина
- ♣ да се ориентираат во просторот и времето
- ♣ да ги прошират знаењата

17.3. Соработка со други институции

Соработката на училиштето со здравствените организации се сведува најчесто на соработка со Здравствен дом поликлиника Битпазар, во рамките на предвидената здравствена заштита на учениците.

Во рамките на реализација на предвидените проекти ќе се остварува и соработка со НВО секторот и Здруженија на граѓани кои ги поддржуваат истите. Неколку годишна активна соработка се остварува со Детската амбасада Меѓаши и иститата е предвидена да продолжи во континуитет и оваа година.

Настава во природа од 3 до 5 дена со u~enicite od V-oddelenie.	Запознавање со градовите, езерата во P.S.M. Запознавање со туризмот, архитектурата и др.	Одржување на редовна настава, но во природа Запознавање со истечни и неистечни води, Хидроцентрали, извори Културно-историски споменици,туризам фолклор,	Одржување на наставни часови по посетените места, ликовна галерија, Литературно творештво Организирање на разни забавни игри Наградување на најдобрите ученици и др.	Раководители: Мимоза Мјаку Лумније Вренези Одделенските раководители од 5 –to oddelenie и ученици од тие одделенија	До 20 Мај 2024	Претор Струга	Организиран превоз – автобус	Самофинансирање на учениците

		традиција, верски објекти идр.						
Разни натпревари	Развивање на натпреварувачки дух	Создавање на свест за тимска работа Промовирање на училиштето и општината Социјализација Дружење	Активности по агенда на организаторот	Наставници кои ги подготвуваат учениците Учениците кои земаат учество во натпреварот	Во текот на целата учебна година	Општински Меѓуопштински или други градови во РСМ	Организиран превоз – автобус такси	Училиште, општина, донатори
Посета на Природно-научен музеј и други музеи во РСМ	Да можат учениците од седмо одд. да ја проследат еволуцијата на	Развивање на интерес за природата и градење еколошки навики	Стручни предавања за еволуцијата на органскиот свет , фито и зоо – географија на планетата Земја и	Раководители: Behar Memeti i Хавса Јусуфи Ученици од седмо одд.	Април 2024	Природно-научен музеј на РСМ -Скопје Музеј на град Скопје И др.	Организиран превоз – автобус	Самофинансирање на учениците

	органскиот свет, групирањето , систематиката и таксономијата на животинскиот и растителниот свет. Запознавање со историското минато на РСМ	и запознавање со фито и зоо географијата на планетата Земја Да се стекнат основни знаења за природните и културните богатства на Македонија.	заштитените и ендемичните видови. Историски предавања за важни настани од минатото на РСМ					
Посета на планетариум	Вовед во физичката географија-астрономија, планетата Земја,	Запознавање и развивање интерес за вселената , небесните тела, cosвезд	Стручни предавања за Земјата и Сончевиот систем	Раководители: Nagihan Daut i Behar Mehmeti Ученици од 6 до 9 одд.	Март 2024	Планетариум - Скопје	Организиран превоз – автобус	Самофинансирање на учениците

	небесните тела, сосвездијата, Млечниот пат.	ијата, Млечниот пат, кометите, астероидите, Сонцето.						
Посета на верски објекти	Запознавање со религиите и религиозните објекти во РСМ	Воочување на религиозните разлики и сличности за подобро меѓусебно разбирање.	Верски објекти , видови вери, верски поглавари, верски обичаи, ентериер и екстериер на верски објекти.	Раководители: Amel Kurti{ i Muzafer Feta Раководители на паралелки Ученици од 3 до 9 одд.	Март Април 2024	Џамија Црква і др.	Организиран превоз – автобус Пеш	Самофинансирање на учениците
Посета на железничка ,автобуска станица и аеродром	Запознавање со фукционирањето на железничката , автобуската станица и	Да се запознаат со локацијата, изгледот на воз, автобус , авион Персон	Предавање од страна на вработените и набљудување.	Раководители : Феријан Јусуфовска і Kimete Нагавци Раководители на паралелки од 1 до 5 одд. Родители на ученици од 1 до 5 одд.	Мај 2024	Железничка , Автобуска станица и аеродром.	Организиран превоз – автобус	Самофинансирање на учениците

	аеродромот.	алот Авионската писта, перонитe итн.						
Посета на пошта	Запознавање со работата на поштата	Да се запознаат со шалтерите, испраќањето на писма и пратки и патот кој една пратка (писмо) го врши.	Предавање од страна на вработени и набљудување.	Раководители: Merita Miftari i Merita [abani Раководители од 1 до 5 одд. Родители	Февруари 2024	Пошта-Чаир	Пеш	/
Посета на Старата чаршија	Запознавање со изгледот на Чаршијата и занаетчиството	Запознавање со архитектурата на Чаршијата Видови занаети и нивното значење	Старата чаршија – надворешна и внатрешна архитектура, видови занаети	Раководители : Бахтије Мани, Maber Hasan Раководители на паралелки од 1 до 5 одд. Родители и ученици од 1 до 5 одд.	Јуни 2024	Старата чаршија	Пеш	/

		Народните носии.						
Посета на здравствена институција – Поликлиника -Чаир	Запознавање со здравствена институција (поликлиника – Чаир)	Да се запознаат со локацијата, персоналот (лекар, медицинска сестра, лаборант)	Дискусија со прашања од учениците	Раководители : Pranvera [a}iri i, Teuta Sopi Раководители на паралелка од 1 до 5 одд. Родители и ученици од 1 до 5 одд.	Февруари 2024	Поликлиника - Чаир	Пеш	/
Посета на детски фестивали- Илъбери .	Запознавање со детско музичко творештво	Децата да се запознаат со видови песни по ритам , динамика, темпо, содржина	Пеење песни од фестивалите	Раководители: Mimoza Mjaku i Hirije Mustafa Раководители од 1 до 5 одд. Родители и ученици од 1 до 5 одд.	Ноември 2023 Мај 2024	Универзална сала	**О**рганизиран превоз	Самофинансирање од учениците
Посета на библиотека Саем на книгата	Запознавање со функционирањето на	Запознавање со начинот на подреду	Предавање од страна на вработените	Раководители: Mirjeta Alii i Sueda Бафќари Раководители на паралелки од	Октомври 2023 Април 2024	Универзитетска библиотека Библиоте	**О**рганизиран превоз Пеш	/

	една библиотека	вање на библиотечниот фонд и нивната заштита		3 до 9 одд.		ка- Чаир Скопски саем		
Посета на државни институции и Влада Парламент Општина	Запознавање со функционирањето на државните институции	Запознавање на учениците со работата на државните службеници и народните претставници	Дискусија со прашања од страна на учениците	Раководители: Merita [abani Раководители на паралелки од 1 до 5 одд.	Октомври 2023 Февруари 2024	**Влада Парламент Општина - Чаир**	**О**рганизиран превоз Пеш	Самофинансирање од учениците
Посета на театарски претстави	Запознавање со театарската куќа како објект за изведување претстави и внатрешен	Запознавање со изведбата на театарската претстава каде се користи живиот говор како изразно	Дискусија за видената претстава	Раководител: Xejlane Asani i Mirjeta Alii Раководители на паралелки од 1 до 9 одд.	Декември 2023 Март 2024	Театар за деца	**О**рганизиран превоз	Самофинансирање од учениците Донација

	ентериер	средство						
Посета на Зоолошка градина и Забавен парк – Луна Парк	Запознавање со домашни и диви животни и птици Запознавање со Забавниот парк	Домашни животни и птици, исхрана, хигиена, чување Запознавање со реквизитите за забава	Дискусија за животните и птиците Играње Употреба на различни реквизити за забава	Раководители: Пранвера Шаќи Mimoza Mjaku Раководители на паралелки од 1 до 5 одд.	Октомври 2023 Април 2024	Зоолошка градина Забавен парк – Луна парк	**О**рганизиран превоз	Самофинансирање од учениците
Посета на ликовна изложба Галерија	Запознавање со ликовни дела и продукции	Учениците да се запознаат со ликовни техники, принципи и елементи	Цртање по избор	Раководители: Alma Saraçini i Muzafer Feta Раководители на паралелки од 6 до 9 одд.	Ноември 2023	Салон 19	**О**рганизиран превоз	/

Организирање на летување (7-10 дена)za u~enicite od VI-IX oddelenie.	Рекреативен одмор на учениците	Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење Социјализација, колективизација, осамостојување и грижа за себе.	Спортување Пливање Планинарење Кампување Рибарење	Раководители: Jasin Rexalari i Luljeta Imetovska.	Јули 2024 Август 2024	Претор Струга	**О**рганизиран превоз-автобус	Самофинансирање од учениците

Посета на индустриски објекти	Запознавање на учениците со преработката на жито и житни производи и месни и сувомесни производи	Стекнување на знаења за начинот на кој се произведуваат житните и месните производи Запознавање со изгледот и технологијата на производството	Набљудување Предавање од страна на вработени Дегустација	Раководители: Jakub Aliu, Мерал Бајрами	Ноември 2023	Жито Лукс Ука - комерц	**О**рганизиран превоз-автобус	**/**

Стручен тим:

1. Faik Xoni - директор
2. Luljeta Imetovska
3. Muzafer Feta
4. Vjolca Sabedini
5. Mirjeta Alii
6. Mimoza Mjaku
7. Педагошко-психолошка служба.

D i r e k t o r
/ Faik Xoni /

29.06.2023

ООУ “ КОНГРЕСИ И МАНАСТИРИТ ” – СКОПЈЕ
ОПШТИНА ЧАИР

ПОЛИТИКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО ВО ООУ “КОНГРЕСИ И МАНАСТИРИТ”- СКОПЈЕ
УЧЕБНА ГОДИНА 2023/2024

Цел/позадина
ООУ “Конгреси и Манастирит” има за цел да биде средина во која сите ќе се чувствуваат добредојдени и безбедни и ќе можат да учат и да ги развиваат своите потенцијали.
Како училиште, сериозного сфаќаме и го третираме проблемот на насилството. Сметаме дека сите субјекти во училиштето имаат одговорност да ја реализираат оваа политика.
Цели на политиката

- ✓ Развивање на свесност за различни облици на насилство во училиштето
- ✓ Да спроведува активности кои ќе одат во прилог на намалување на насилното однесување
- ✓ Да се осигура дека сите наставници, ученици и родители/ старатели знаат што е насилно однесување

Под **НАСИЛСТВО ВО УЧИЛИШТЕ** се подразбира:

1. **Физичко насилство**- Облици на однесување преку кои на други лица им се нанесува физичка болка или повреда. Може да доведе до полесни и потешки повреди, но и до усмртување на жртвата.
2. **Психичко насилство**- претставува насилно однесување при кое се повредуваат чувствата и достоинството на жртвата. Тоа се: заканување, навредување и исмејување, изнудување и принудување, замолчување, изолација.
   Малтретирањето подразбира негативни физички/или вербални акции кои имаат непријателска намера, предизвикуваат повреда на жртвата, кои се повторуваат и вклучуваат нееднаква моќ меѓу оние кои малтретираат и жртвите.
3. **Сексуално насилство:** Постојат три типа на сексуално насилство кои се разликуваат според интензитет:
   - ✓ Сексуално вознемирување- насилникот пред се го повредува достоинството на жртвата, со најразлични вербални и/или физички постапки. При тоа, не доаѓадо сексуален контакт, односно се сведува на допирање.

Од возрасен кон ученик/чка: Упатување вербални и невербални пораки со сексуална конотација, кажување шеги со сексуална конотација, телесни допири, прикажување порнографски материјал, повреда на психичката интима на детето, хомофобични коментари

Од ученик/чка кон ученик/чка: упатување непосакуванни вербални и невербални пораки со сексуална конотација, непосакувани телесни допири, прикажување порнографски материјал против волја на жртвата, повреда на психичката интима на детето, хомофобични коментари

- ✓ Сексуално злоставување (силување)- кога децата се користат за сексуално угодување на возрасен или постаро дете, при што детето-жртва е ставено во ситуација да посматра или да учествува во сексуални активности.
- ✓ Сексуална експлоатација- децата сексуално се искористуваат за стекнување сексуални задоволства, но и финансиска корист.

4. **Меѓуврсничко насилство (булинг)** вклучува широка лепеза на однесување кои се повторуваат помеѓу врсниците со намера да се навреди другиот (давање прекари, навредливи коментари, крадење или уништување на своина, графити, озбоување, потсмевање, изолација итн.)
5. **Сајбер насилство** вклучува испраќање или објавување на навредливи пораки, коментари или слики преку интернет или преку мобилни телефони, исклучување од социјалните мрежи и наведување на други да предизвикуваат насилство).

Принципи на кои се темели политиката:

- ✓ Безбедноста и добросостојбата се една од главните одговорности на нашата училишна заедница
- ✓ Почитувањето е е основна вредност која овозможува ненасилна комуникација и разрешување на конфликтите
- ✓ Ненасилството е единствен одговор кој го прекинува кругот на насилство
- ✓ Еднаквост и недискриминација- во нашето училиште сите ученици и вработени се еднакви и не смее да бидат подложни на било каков облик на дискриминација по ниту една основа

Превенција на насилството

Во нашето училиште се поаѓа од идејата дека промовирање на превентивни активности во различни сфери и области може да придонесе за намалување на насилното однесување. Еден аспект на превентивните мерки подразбира и едукација од областа на препознавање на облиците на насилство, воведување на правила и развивање на мрежа на поддршка во училиштето и со други субјекти од општествената заедница.

Улоги и одговорности на сите засегнати страни кои во училиштето придонесуваат за намалување на насилството

Вклучени чинители	Улоги	Одговорности
Директор	-Го води процесот на пишување политика, акциониот план и училишниот протокол -Се залага за усвојување на политиката, акциониот план и училишниот протокол -Ја следи имплементацијата на политиката -Поттикнува и преку својот пример ги истакнува вредностите и принципите на кои се заснова политиката -Комуницира со тимот за намалување на насилство и комуницира со други институции и организации	-одговорен за донесување на политиката, акциониот план и училишниот протокол -одговорен за доследно имплиментирање на политиката, акциониот план и училишниот протокол -одговорен за почитување на вредностите и принципите на политиката -одговорен за постапките кои се применуваат за разрешување на случаите на насилство -да воспостави и одржува соработка со локалната заедница и релевантни институции и организации
Персонал	-активна улога во воспоставувањето на мерките за безбедност и примената на вредностите и принципите на кои се заснова политиката -примена на ненасилна комуникација и разрешување на конфликти	-одговорни за воспоставување и почитувањето на мерките на безбедност и примената на вредностите и принципите на кои се заснова политиката -одговорни за начинот на кој комуницираат со учениците, родителите и другите посетители во училиштето
Наставници	-вклучени во процесот на изработка и	-одговорност за имплементирање

	донесување на политиката, акциониот план и училишниот протокол -реализирање на политиката, акциониот план и училишниот протокол -примена на ненасилна комуникација и разрешување на конфликти во својата работа -воспоставување правила, награди и мерки за корекција на однесувањето на своите часови -ги организираат, водат и вклучуваат учениците во активности кои промовираат ненасилство-превентивни активности - комуницираат со родителите, информирање и вклучување на родителите во активностите на училитето -соработуваат со тимот за намалување на насилството во училиштето -пренесување на добрите практики на своите колеги	на политиката, акциониот план и училишниот протокол -одговорни за примената и почитувањето на принципите и вредностите во работата со учениците -одговорни за вклучувањето на ненасилството како вештина и одговор на насилството -одговорни за воспоставувањето и примената на правила, награди и мерки за корекција на однесувањето на своите часови -одговорни за пристапите кои ги користат во справување со насилното однесување -одговорни за соработката и вклучувањето на учениците и родителите во активностите на училиштето
Ученици	-со свои искуства придонесуваат во изработка на политиката, акциониот план и училишниот протокол -вклучени се во активностите предвидени со акциониот план -ги применуваат стекнатите знаења и	-одговорност за спроведување на принципите и вредностите на политиката -одговорност за примена на поставените училишни правила -одговорност за своето

	вештини за ненасилство, ненасилна комуникација и разрешување на конфликти -се вклучуваат во проекти, врсничката поддршка и сл.	однесување и комуникација со соучениците и возрасните
Родители	-соработуваат и се вклучуваат во изработка на политиката, акциониот план и училишниот протокол -соработуваат со наставниците, стручните соработници и директорот во училиштето	-одговорност за однесувањето на нивното дете -одговорни за својата комуникација во училиштето -0дговорни за почитување на правилата во училиштето
Стручни соработници	-вклучени во процесот на пишување политиката, акциониот план и училишниот протокол -имплиментација на политиката, акциониот план и училишниот протокол -примена на ненасилна комуникација и разрешување на конфликти во својата работа -воспоставување на соработка со родителите, информирањеи вклучување на родителитево активностите на училиштето -соработка со други институции и организации за случаи на насилно однесување -советување и примена на различни ненасилни методи за разрешување на ситуации на насилство -водење евиденција за случаите на	-одговорни за имплементација на политиката, акциониот план и училишниот протокол -одговорни за примена на ненасилна комуникација и разрешување на конфликти во својата работа -одговорни за соработка со родителите -одговорни за соработката со други институции и организации за случаи на насилно однесување -одговорни за разрешувањето на ситуациите со насилство -одговорни за евиденција за случаите на насилство -одговорни за комуникација со наставниците во насока на надминување на насилното однесување

	насилството	
Локална заедница	Поддршка во примена на политиката, акциониот план и училишниот протокол	-одговорна за следење на имплементацијата на политиката, акциониот план и училишниот протокол.

Пофалби кои се користат за да се поттикне намалување на насилството

Класните раководители воведуваат свои начини на наградување и поттикнување на ненасилството во своите класови со договор со учениците и родителите. На крајот од учебната година класните раководители пред наставничкиот совет ги истакнува оние ученици кои со своето однесување и постапки придонеле за намалување на насилството. Тие ученици јавно се пофалуваат. Имињата на учениците кои придонеле за намалување на насилството во училиштето односни кои учествуваат во различни проекти можат да се објавуваат во училишниот вебстрана, сертификати, родителски средби и наставнички совет.

Санкции и корективни механнизми за намалување на насилството

Санкциите се изрекуваат во согласност со Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Освен тоа во нашето училиште предвидуваме дополнителни корективни механизми за поттикнување на одговорност кај учениците. Како корективни механизми во нашето училиште се сметаат вклучувањето на ученици во вршење на одредени општо корисна работа за училиштето (уредувањето на дворот, чистење на училниците, подготовки за одредени манифестации, организација на презентации и сл). Која дополнителна активност ќе биде применета зависи од договорот со стручното лице, родителот и ученикот како дел од разрешувањето на насилството. Ваквите мерки систематски да се регулираат со соодветен план.

Поддршка за учениците

Подршката на учениците на нашето училиште да ја дава класниот раководител преку континуирано следење на однесувањето на ученикот, потоа со соработка со стручната служба и тимот за намалување на насилството во училиштата се одлучува за дополнителна поддршка на учениците преку вклучување во одредени активности или проекти за стекнување и развивање на социјални и комуникациски ветини, вештини за разрешување на конфликти и емоционална писменост.

Училиштето става посебен акцент врз зголемување на свесноста за меѓуврснчкото насилство-булинг, со воведување на предлог мерки и активности кои треба да се преземат од страна на одговорните структури во училиштето.

Поддршка на наставниците

Поддршката на наставницте ја овозможување преку систем на споредување на добр практики во самото училиште. Системот на споредување добри практики подразбира две средби на наставничкиот совет во текот на годината на кои се разговара за позитивните искуства и постигнатте резултати во справувањето на насилството, агресијата и други проблеми поврзани со однесувањето. На овие средби стручните соработници може да презентираат методи на справување со емоциите или други ефикасни примери за справување со насилството, техники на опуштање, емоционална писменост и сл. или наставници кои помнале слични обуки да ги пренесат на колегите. Оние наставници кои имаат проблеми во справувањето со насилството имаат задача да ги посетат часовите и класните часови на наставниците кои успешно се справуваат со насилството и да изработат план за вклучување на искуствата на колегите со својата работа.

Како дополнителна поддршка на наставницте, училиштето бара обуки на наставницте кои може да помогнат во справувањето на насилството.

Во училиштето постои мрежа на наставнци –ментори кои пружаат поддршка на наставницте почетници за поуспешно справување со насилството.

Во иднна се планира да се интензивира соработката со надворешн институции кои би можеле со својата работа да дадат поддшка на наставниците.

Поддршка на стручната служба

Стручната служба постојано се надоградува низ процесот на обуки и користење на стручна литература. Таа исто така добива поддршка од институциите од локалната средина (општина Чаир, Центар за социјални работи, полиција и сл.)

Соработка и вклучување на родителите

Во училиштето се става голем акцент на соработката со родителите. Тие се партнери на училиштето во заложбата за намалување на насилството во училиштето. Родителите редовно се информираат за сите активности и процеси кои се реализираат во училиштето, се бара нивното мислење и учество.

Во училиштето постои систем на односи помеѓукласните раководители, предметнте наставници, стручната служба и директорот на училиштето кои соработуваат со родителите со цел превенција и интервенција во случај на насилство. Родителите исто така учествуваат во донесувањето одлуки за воспоставување на сте мерки на безбедност и планирањето на активностите за превенција, споредување на добри практики, односно во изработката на акционите планови на училиштето.

Следење и евалуација на политиката

Следењето и евалуацијата на оваа политика е составен дел на процесот за самоевалуација. Сите политики се евалуирани и ревидирани со целосна вклученост на вроботенте, учениците, родителите и старателите. Се води докумнтација и евденција за сите активности кои се реализираат во текот на учебната година и два пати во текот на годината се организираат состаноци на тимот за намалување на насилството за следење на имплементацијата на политиката.

Однесување	Активности кои се превземаат
Чин на насилство	**Наставник** -Наставникот, класниот раководител, предметниот наставник или било кој друг возрасен треба веднаш да реагира за да го прекине насилството -Ги раздвојува учениците доколку се работ за физичка пресметка -Доколку наставниокот процени дека нема да може самиот да ја прекине ситуацијата потребно е да побара помош од полицијата или друг возрасен или стручниот соработник -Повикува или пружа прв помош при повреда Доколку се работи за малтретирање се бара прекин на интеракција помеѓу вклучените страни **Ученикот** кој е жртва или сведок на насилство е должен да побара помош од класниот раководител, предметниот наставник или службата.

Однесување по чинот на насилство	**Наставник** кој има информација за инцидент на насилство е должен за тоа да г информира директорот и стручната служба. **Ученикот** вклучен во инцидентот на насилство е должен тоа да го пријав на класниот раководител или стручната служба **Родителот** на ученик кој е вклучен во инцидент на насилство е должен да даде изјава на класен раководител, стручна служба или директорот. **Стручната служба** -Стручната служба при пријавен инцидент на насилство е должна да го испита случајот, земајќи изјави од сите вклучени страни и останати релевантни субјекти (класна заедница, предметен наставник, родител, полиција, центри за социјална работа итн) -стручната служба презема советодавни разговори со учениците, родителелите и по потреба соработува со други институции -стручната служба е должна да го извести директорот и наставничкиот совет и други релевантни институции за спроведените активности во насока на разрешување на инцидентот на насилство. **Училиштето** изрекува педагошка мерка на ученици вклучени во инцидент на насилство во зависност од тежината на стореното дело, а според Правилникот за изрекување на педагошки мерки од МОН.

ООУ “ КОНГРЕСИ И МАНАСТИРИТ ” – СКОПЈЕ
ОПШТИНА ЧАИР

ООУ “КОНГРЕСИ И МАНАСТИРИТ”- СКОПЈЕ

ПРОШИРЕНА ПРОГРАМА

ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОД
С К О П Ј Е

Во основното училиште се реализира и проширена програма според Концепцијата за основно воспитание и образование. Проширената програма на основното училиште опфаќа организирано прифаќање и
заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и
еден час по завршувањето на редовната настава, како и продолжен престој.

Основното училиште за учениците во прво, второ и трето одделение организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата, во согласност со родителот.

1. ПЛАНИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Цели и задачи на основното образование

Целта на основното образование и воспитание е да им овозможи на учениците индивидуален развој во сообразност со нивните предиспозиции и возрасни карактеристики, да усвојат знаења и умеења за природата, општеството и човекот и да се оспособат за нивна примена во животот и понатамошното образование, кај нив да се развие чувство на одговорност, за вистината и значењето на трудот на човекот, смисла за убавото, културните традиции и свест за припадност на Република Македонија, почитување и исполнување на граѓанските права и обврски.

Целта на основното образование и воспитание се определува со следниве задачи:

- Стекнување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот или за понатамошно образование;
- Хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности;

- Развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо;
- Развивање на самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки;
- Воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права;
- Развивање на способности за истражување, експериментирање и решавање на проблеми;
- Вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби;
- Развивање на надареноста на учениците во различни области;
- Унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина.

1.1 КАЛЕНДАР ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

- Учебната година почнува на 01 септември 2023 година, а завршува на 31 август 2024 година.
- Наставната година започнува на 01 септември 2022 година, а завршува на 10 јуни 2024 година.
- Наставната година ја сочинуваат две полугодија – I и II полугодие.

Оваа учебна година првото полугодие започнува на 01 септември и завршува на 31 декември 2023 година. Второто полугодие започнува на 22 јануари 2024 год. и завршува на 10 јуни 2024 год.

Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2023 година и завршува на 21 јануари 2024 година. Летниот распуст започнува на 11 јуни 20224 година и завршува на 31 август 2024 година.

Воспитно – образовната работа за учениците се организира во текот на целата учебна година.

Во текот на наставната година училиштето треба да оствари 180 наставни денови.

1.2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

Според насоките за планирање и организација на наставата во оваа учебна година доставени од Бирото за развој на образованието наставниците при планирањето, организацијата и изведувањето на наставата се придржуваат до соодветните наставни програми (по предмети и одделенија) и Законот за основно образование.

Во согласност со член 33 од Законот за основно образование и во согласност со основачот училиштето организира различни форми на dneven престој на учениците од

I – III и од IV и V одделение.

Согласно сите стандарди за изведувањето на наставата без оглед на тоа дали се ангажирани во една смена или во dneven престој наставниците ги реализираат сите наставни предмети без поделба на часовите меѓу нив.

1.3. ВИДОВИ НАСТАВА

Наставата овозможува да се остварат основните образовни и воспитни активности со учениците во училиштето. Во наставниот процес учениците на најорганизиран начин се стекнуваат со систем на знаења и умеења, им се овозможува да ги развиваат индивидуалните способности, да усвојуваат и формираат ставови и вредности.

Според Наставните планови, застапеноста на наставата во училиштето е прикажана со следнава шема:



ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА –(II-IX)

СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ -(II-IX)

Наставата во училиштето се изведува преку наставни часови. Секој наставен час трае 40 минути, а истите по одделенија, паралелки и наставни предмети се утврдени со распоредот на часовите.

Класичната настава се одвива во dve смені. Dnevniot престој се изведуваpred klasi~nata nastava.

Во текот на работниот ден учениците изведуваат низа образовни и воспитни активности, се рекреираат, одмораат, изедат оброк (појадок) донесен од дома. За учениците од класична настава се организира сами за оброк.

1.4. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТНИОТ ДЕН

1. Прифаќање на учениците 8:30 до 9:00 (учениците од прво одд.) и 12:30 до 13:00 (уч.II-V одд)

- -Средување на училницата
- -Полевање на цвеќињата
- Вежби за раздвижување
- -Подготовка на училишниот прибор

2. Настава 7:30 до 12:35 (уч. VI-IXодд.)

Часовите започнуваат во 7:30 часот. За времетраењето на часовите учениците имаат еден голем одмор во траење од 20 минути.

- Следење на редовна настава со задолжителните предмети
- Дополнителна и додатна настава (12:00-13:00 ч)
- Рекреативно едукативни игри
- Слободно време

3. Продолжени активности 11:45 до 13:00

Слободните ученички активности и воннаставните активности со интересни и актуелни воспитно-образовни содржини во своите програми ги мотивираат учениците помасовно да учествуваат во нив. Во слободните ученички активности учениците ги изразуваат

своите афинитети и интереси за одредени области, за проширување на знаењата, развиваат подобри и поуспешни начини за меѓусебна соработка и дружење. Се поттикнува развој на креативноста и творештдните кај учениците со што се овозможува постигнување на подобри резултати во разни области и афирмација на учениците и училиштето.

- Активности произлезени од потребите на редовната настава (воннаставни и слободни ученички активности)

4.Испраќање на учениците 12:00 (уч.од I-во одд) и од 17 :00 до 18:00 (уч.од II-V одд.)

- Индивидуални средби со родители
- Средување на работното место

29.06.2023
Скопје

Д и р е к т о р
Faik Xhoni

ООУ “ КОНГРЕСИ И МАНАСТИРИТ ” – СКОПЈЕ
ОПШТИНА ЧАИР

ООУ “КОНГРЕСИ И МАНАСТИРИТ” - СКОПЈЕ
П Р О Г Р А М А

ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Развојот на демократијата во Република Македонија претставува заложба на граѓаните и власта, уште од почетокот на осамостојувањето и формирањето на современата македонска држава. Идеалот и стремежот е држава во која при исполнувањето на обврските и почитувањето на законите нема да бидат важни полот, верата, нацијата, професијата, возраста и други видови на разлики кои може да се појават, односно држава во која сите ќе бидат еднакви граѓани.

Демократијата и нејзиното приближување кон граѓаните е од суштествено значење за учениците, а какво општество ќе градиме е во зависност од тоа какво образование поседуваме. Низ процесот на образование учениците треба да ги осознаат и почитуваат принципите на развиеното демократско општество.

Борбата против корупцијата е едно од подрачјата кое е недоволно развиено; граѓаните не се доволно информирани или нивните знаења се нецелосни. Исто така, малку се знае и за заштитата од корупцијата. Овој податок е присутен скоро на сите нивоа на нејзината вклученост во општеството, и од страна на оние коишто ја нудат и од страна на оние коишто ја примаат. Во текот на својот живот, граѓаните и институциите на макро ниво, како и родителите и учениците на микро ниво, најчесто несвесно ја применуваат корупцијата при најобичните секојдневни активности, како дел од традиционалното однесување, неразмислувајќи за истата како појава, а уште помалку за борбата против неа.

Едукацијата на граѓаните е значајна подеднакво за сите, но најдобро е доколку ги одбереме учениците во основните училишта како целна група, кои учат како да станат активни граѓани, учат за демократијата и како да ги практикуваат нејзините позитивни вредности. Во основното образование во Република Македонија се развива свеста за демократијата преку повеќе наставни предмети. Наставниот предмет *Граѓанско образование* е директно поврзан со теми во врска со демократијата и со развојот на граѓанскиот систем, со чија помош учениците се едуцираат како да бидат добри граѓани.

Проектот „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“ има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и

однесување. Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри, и истакнувајќи ги позитивните примери, ученикот опфатен во проектот ќе може да ја препознае корупцијата и да се заштити од оваа негативна општествена појава.

Со мотото **„Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш“** се објаснува дека корупцијата не познава пол, вероисповед, нација, професија, возраст, граници, степен на образование, нагласувајќи дека таа е негативен дел од денешницата и од неа треба да се заштитиме.

Програмата за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта ќе опфати:

а) предавања за запознавање на учениците со поимите, можностите за заштита и превентивно делување кон корупциските активности;

б) работилници за антикорупциска едукација на учениците, со чија помош истите ќе бидат ставени во активна ситуација, во која ќе земат учество;

в) пополнување на прашалници од учениците пред почетокот на проектот и по неговото завршување;

г) запознавање на поширокатa јавност со активностите поврзани со борбата против корупцијата преку работата на учениците;

д) организирање на натпревар за учениците за најдобра творба поврзана со антикорупциската едукација;

ѓ) антикорупциска едукација на наставниците, коишто ќе го спроведуваат проектот во основните училишта, но и на оние коишто работат секојдневно со учениците;

е) покана и учество на личности поврзани со борбата против корупцијата.

Сите активности во проектот за учениците ќе им бидат прикажани на соодветен начин, односно на јазик и стил прифатлив за нивната возраст. Со различни интерактивни ангажмани, учениците ќе бидат ставени во активна улога, кои ќе имаат цел позитивно да влијаат на нив, и од нив да направат активни граѓани кои се носители на позитивни вредности.

При одвивањето на програмата ќе бидат развиени три нивоа на планирање, реализирање и повратен одговор.

Трите нивоа се:

а) разбирање или препознавање - проста репродукција на знаења, како најниско ниво;
б) сфаќање или разбирање на поими, настани и сл., - како повисоко ниво кое бара мисловна активност на ученикот и

в) повисоки нивоа на знаења (анализа, синтеза и др.) - како највисоки нивоа на знаења, во кои ученикот ќе треба да употреби сложени мисловни процеси.

- **Цели на проектот**

- Ученикот/ученичката е потребно:

- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;

- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;

- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;

- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;

- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува;

- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;

- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и

- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Македонија.

Поими

ООУ “ КОНГРЕСИ И МАНАСТИРИТ ” – СКОПЈЕ
ОПШТИНА ЧАИР

Корупција, антикорупција, интегритет, етичност, социјален притисок, механизми за спречување на корупцијата, Државна комисија за спречување на корупција, пари, подароци, облека, храна, услуги.

Реченици посветени на корупцијата (слогани/пароли)

а) Носечка реченица:

Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш.

б) Други реченици посветени на корупцијата:

Корупцијата е авторитет, плус монопол, минус транспарентност. Корупција - ТВОЈОТ СТАВ се брои!
Стоп за корупцијата – ја разјадува довербата, ја руши демократијата.

Стоп за корупцијата – создава нееднаквост, ги намалува можностите на немоќните, ги форсира неспособните, го спречува развојот.

Со корупција сите плаќаат двојно.

- **Конкретни цели и активности**

Содржина	**Цели**	**Вид на активност**	**Активности**
Предзнаења за корупцијата и антикорупцијата	Да се согледаат предзнаењата на учениците	Прашалник за учениците	Пополнување на прашалникот од страна на учениците
	Да се запознаат со		

	поимите корупција,		
	антикорупција,		
	интегритет, социјален		
Причини и	притисок, етичност;	Работилница	Говорна активност;
последици од	да знаат за облиците во		дискусија;
корупцијата	кои може да се појави		кусо предавање
	корупцијата и начинот на		
	спречување и заштита		
	од истата;		
	да го сфатат штетното		
	влијание на корупцијата		
	во општеството		
	Да се запознаат со		
	поимите корупција,		
Стекнување на	антикорупција,	Предавање и	Предавање;
основни знаења	интегритет, социјален	вежби	power point
за корупција и	притисок, етичност;		презентација;
антикорупција	да знаат за облиците во		дискусија;
	кои може да се појави		крстозбор
	корупцијата и начинот на		
	спречување и заштита		

	од истата; да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата; да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството; да ја сфатат улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува		

Активна борба против корупцијата	Да се запознаат што значи „одолевање на социјален притисок“; да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата; да го сфатат штетното влијание на корупцијата	Работилница	Говорна активност; дискусија; кусо предавање

	во општеството		
	Да анализираат како и		
	каде може да се појави		
	корупцијата и како може		
	да се спречи истата;		
	да се стават во		
	ситуација во која ќе		

Активна борба	имаат активна улога,	Работилница	
против	преку која ќе разберат за		
корупцијата:	антикорупцијата и за		
постери	потребата од едукација;		
	да се стават во улога на		
	активни граѓани кои ќе		
	придонесат за развојот		
	на граѓанската култура		
	во современото		
	општество		
	Да се утврдат знаењата		
	на учениците;		
Утврдување на	да се види дали	Прашалник за	Пополнување на
знаењата за	учениците научиле од	учениците и	прашалникот од
корупцијата и	проектот *„Програма за*	активности за	страна на
антикорупцијата	*антикорупциска*	повторување	учениците
	едукација на учениците		
	од основните		
	училишта“		

- **Дидактички препораки**

При реализација на активностите се тргнува од развојните можности, возраста, способностите и интересите на учениците за коишто се наменети активностите.

Сите активности се изведуваат во **воннаставните активности по предметот граѓанска култура** во осмо одделение, во текот на учебната година. За сите активности времетрањето на часовите е 40 минути.

- **Наставни средства**

а) Прирачник за наставниците за часовите кои се дел од воннаставните активности, во рамките на проектот „Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“ (Прилог 1) од (Прирачник за ПАЕУ);

б) Работни листови за наставниците за часовите кои се организирани на воннаставните активности во рамките на проектот „Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“ (Прилог 2) од (Прирачник за ПАЕУ);

в) Power point презентација за вториот час во која се објаснуваат основните поими дадени за наставниците и учениците;

г) Снимен материјал подготвен од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата, како дополнителен материјал кој може да се употреби во рамките на часовите;

д) Прашалник за учениците (Прилог 3) од (Прирачник за ПАЕУ);

ѓ) Тефтерчињата, папките и флаерите (мали и големи) го содржат логото и „речениците посветени на корупцијата“ (Прилог 4) од (Прирачник за ПАЕУ).

ООУ “ КОНГРЕСИ И МАНАСТИРИТ ” – СКОПЈЕ
ОПШТИНА ЧАИР

ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА РАБОТА

Месец	Содржина	Цели	Вид на активност	Активности	Евалуација
11/2023	Утвдрување на предзнаења за корупцијата и антикорупцијата	Да се Согледаат предзнаењата на учениците,Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата	Прашалник за учениците	Пополнување на прашалникот од страна на учениците	
12/2023	Причини и последици од корупцијата	Да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството	Работилница	Говорна активност; дискусија; кусо предавање	
2/2024	Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција	Да се запознаат со поимите корупција,антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата;	Предавање и вежби за учениците и родителите	Предавање; power point презентација; дискусија; крстозбор	
3/2024	Активна борба против корупцијата: постери	Да анализираат како и каде може да се појави корупцијата и како може да се спречи истата; да се стават во ситуација во која ќе имаат активна улога, преку која ќе разберат за антикорупцијата и за потребата од едукација;	Работилница	Ликовен конкурс Корупција ја сечеш гранката на која седиш	
4/2024	Утврдување на знаењата за корупцијата и антикорупцијата	Да се утврдат знаењата на учениците; да се види дали учениците научиле од проектот *„Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“*	Прашалник за учениците и активности за повторување	Пополнување на прашалникот од страна на учениците	
5/2024	Извештај за реализирани активности на програмата за антикорупција	Да се напише извештај за постигнатите цели и активности	Извештај од сумираните податоци и предлог за подобрување на идните активности	Извештај	

ИЗРАБОТИЛЕ:
СТРУЧНА СЛУЖБА
Предметен наставник по граѓанско образование: Амел Куртиши

ООУ “Конгреси и Манастирит” – Скопје
Програма за антикорупциска едукација на учениците за учебната 2022/2023 г.

Рб.	Активности	Соработници	Време	Очекувани исходи	Докази	Евалуација
1.	Формирање тим за реализација на Програмата за антикорупциска едукација	Амел Куртиши-наств.по граѓанско образование, педагог, психолог, клас. раководители на осмо одд.	ноември 2023 год.	Формиран тим	-Список на одговорни во тимот	
2.	Утврдување на предзнаењата на учениците со анкетен прашалник за ученици	Амел Куртиши-наств.по граѓанско образование, ученици од VIII одд.	декември 2023 год.	Да се согледаат предзнењата на учениците	-Резултати од анкета за ученици	
3.	Стекнување основни знаења за корупција и антикорупција – работилница за ученици	Амел Куртиши-наств.по граѓанско образование, ученици од VIII одд.	февруари 2023 год.	Стекнување знаења за корупција и антикорупција, одолевање на социјален притисок, препознавање механизми за спречување на корупција	-Список за присуство, форграфии, презентација	
4.	Ликовен и литературен конкурс на тема: “Корупција- ја сечеш гранката на која што седиш”	Наставник по албански јазик и ликовно образование	април 2023 год.	Развивање на ликовни и летературни потренцијали на учениците	-Ликовни и литературни творби	
5.	Доделување награди од конкурсите	Наставник по албански јазик и ликовно образование и Амел Куртиши-наств.по граѓанско образование	мај 2024 год.	Подобрена мотивација за учество во Програмата	-Дипломи и пофалби за ученици	

6.	Извештај за реализирани активности на Програмата за антикорупција	Амел Куртиши-наств.по граѓанско образование	мај 2024 год.	Сумирање на ефектите од Програмата и предлог за подобрување на идни активности	-Извештај	

Одговорен наставник: Амел Куртиши

29..06. 2023
Скопје

Д и р е к т о р

_____
/ Faik Xhoni /